Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 14 став (1) од Законот за еднакви можности на жените и мажите, пречистен текст („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 30/13, 166/14 и 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.53/21) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод (“Службен гласник на Општина Македонски Брод“ број 02/03...12/24), Советот на Општина Македонски Брод на 2-та седница одржана на 24.11.2025 година, донесе

# ПРОГРАМА

**за активностите на Општина Македонски Брод во областа на еднаквите можности за 2026** година

ВОВЕД

Врз основа на член 2 од Законот за еднакви можности на мажите и жените , Општина Македонски Брод има обврска за воспоставување на еднаквите можности на мажите и жените во: политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и која било друга област од општествениот живот. Единиците на локалната самоуправа се должни во рамките на своите стратешки планови и буџети да го инкопоркираат принципот на еднаквите можности на жените и мажите, да ги следат ефектите и влијанието на нивните програми врз жените и мажите и да известуваат во рамките на своите годишни извештаи.

Почетната точка за носење на Програмата е обврската на Општина Македонски Брод за имплементација на Законот за еднакви можности на жените и мажите и активности од Националната стратегија за еднакви можности на жените и мажите 2022 – 2027год., како и прибраните секундарни податоци од релевантни институции.

Врз основа на Националната стратегија за родова еднаквост која е основен стратешки документ на Република Македонија со оваа Програма се стремиме кон унапредување на состојбата на родовата, односно половата еднаквост во согласност со законските обврски, регулативи и зајакнување на положбата на жената во локалната заедница.

# I. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

Според податоците од Пописот во 2021 година , во Општина Македонски Брод вкупниот број на резидентно население е 5 889, евидентирани се 2 111 домаќинства и 4093 станови.Според полот, 3055 (51,87%) се мажи а 2 834 (48,12%) жени. Етничкиот состав на населението е следен: Македонци- 5367, Албанци – 38, Турци – 241,Роми – 18, Срби – 10, Бошњаци 1.

Според податоците од Одделението за администрирање приходи во Општина Македонски Брод евидентирани се 3175 даночни обврзници од кои 2930 обврзници на данок на имот. Од нив 788 се жени и 2142 мажи. Даночни обврзници за наследство се евидентирни се 166 од кои 131 се мажи и 35 жени и обврзници за данок на промет се 79 од кои 72 се мажи и 7 се жени.

Во текот на 2024 година и првата половина на 2025 година, во ПС ОН Македонски Брод пријавени се вкупно 64 случаи со елементи на насилство, од кои 49 случаи се во 2024 година а 15 во првата половина на 2025 година. Во 49 случаи како жртва се јавува жена, а во 15 случаи се лица од машки пол.

За 12 случаи на семејно насилство поднесени се кривични пријави за сторители на кривични дела до Јавно обвинителство - Кичево и известен е Центарот за социјални работи во Македонски Брод, додека 52 случаи се заведени како поплаки, за кои е изготвено писмено предупредување за сторителите.

СПАСКО

Структурата на жени и мажи во општинската администрација е следнава:

- Секретар на Општина Македонски Брод – 1маж;
- Раководители на Сектори во Општина македонски Брад – 2, од кои 1 жена и 1 маж;
- Раководители на одделенија во Општина Македонски Брод – 6, од кои 4 се жени и 2 мажи;
- Општински инспектори – 3, од кои 1 е жена и 2 мажи;
- Бројот на вработени во општинската администрација изнесува 41,од кои 20 се жени и 21 маж.

Структурата на жени и мажи, раководни лица на вработените во институциите основани од Општина Македонски Брод е следна:

- Вработени во ООУ „Св. Климен Охридски“ – вкупно 91, од кои 55 жени и 36 мажи, директор 1 – маж;
- Вработени во СОУ „Св. Наум Охридски“ - вкупно 38, од кои 19 жени и 19 мажи;
- Вработени во ЈУДГ „7-ми Септември“ – 24, од кои 21 жена и 3 мажи, директор 1 жена;
- Вработени во Дом на култура – 3, од кои 2жени и 1 маж, директор 1 жена
- Вработени во ЈКП Комунална хигиена- 20, од кои 17 мажи и 3 жени, директор 1 жена;
- Вработени во ЈП Водовод и канализација – 17, од кои 13 мажи и 4 жени; директор 1 маж;

Со оваа програма сакаме да овозможиме зголемување на учеството на жените во процесите на креирање политики на локално ниво. Главни предизвици во постигнување на еднаквоста меѓу мажите ии жените во општината се ниското ниво на економска активност на жените, ниското учество на жените во донесување на важни одлуки како и недостигот на разделена статитика по пол во јавните институции. Предизвици со кои се соочуваат жените во Општина Македонски Брод се традиционалните улоги на жените и мажите како и отежнат пристап до информации.

Почитувајќи го принципот на еднакви можности, локалната власт може да направи значајни промени и поместувања кои ќе доведат до подобра положба на жените и мажите во општината, при тоа правејќи анализи за еднаквоста на жените и мажите и детектирајќи ги слабостите, подобрувајќи го пристапот на жените и останатите маргинализирани групи граѓани до инфраструктурата, подобрувајќи го планирањето и употребата на земјиштето, зголемувајќи го промовирањето на жените на раководни функции, промовирајќи го спортот и рекреацијата кај женската популација и маргинализираните групи на граѓани.

II. ЦЕЛ на програмата или цели и опис

Основна цел на програмата е локалната власт преку своите надлежности да спроведе активности со кои ќе се потенцира еднаквоста на жените и мажите со цел намалување на нееднаквостите и градење на локална заедница во која ќе биде препознаена еднаквоста.

Општина Македонски Брод програмата ќе ја реализира во рамките на своите можности, расположливите средства во Буџетот на општината за 2026 година, за конкретни намени, во соработка со здруженија на граѓани, институции и организациии кои работат на полето на еднаквоста помеѓу мажите и жените преку следните цели:

- Инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во работењето на ЕЛС;

- Зајакнување на свеста за кај жените и девојките за препознавање на насилството врз жените и семејното насилство, како и различните форми на насилството врз жените и и семејното насилство и нивно пријавување;

- Подигнување на јавната свеста за женското и машкото здравје

За реализација на целите на Програмата , Општина Македонски Брод ќе ги преземе сите потребни активности . Ќе соработува со сите чинители (организации,институции и поединци) и засегнати страни за унапредување на рамноправноста помеѓу мажите и жените на локално ниво, вклучително граѓанските организации кои и ќе бидат еден од главните партнери во реализација на активностите.

## III. МЕРКИ и АКТИВНОСТИ 2025

**Мерка 1 – Воведување во пракса инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во работењето на ЕЛС**

3.1.1 Активности кои ќе се преземат за постигнување на мерката, односно кои чекори ќе се преземат за реализација на активноста:

- Акционен план за еднакви можности на жените и мажите 2026 – 2029 година

Општина Македонски Брод нема валиден Акционен план за ЕМЖМ. За таа цел, во текот на 2026 година ќе започнат активности за подготовка на Акционен план ЕМЖМ со важност од 2026 до 2029 година, односно ќе се направи мапирање на потребите на жените и мажите во Општина Македонски Брод, преку анкетирање и анализа со помош на општинските институции и НВО секторот.

**Мерка 2 – Подигање на свеста за препознавање, пријавување насилство врз жени и девојчиња**

3.2.1 Активности кои треба да се преземат за постигнување на мерката, односно чекори кои ќе се преземат за реализирање на активноста:

- Организирање на трибина на тема: Крени го својот глас! Не биди сам во тишината

Во текот на 16 – дневниот активизам за борба против насилството врз жени и девојчиња, Општина Македонски Брод во соработка со Комисијата за еднакви можности, јавните установи основани од општината, во соработка со НВО, ќе ја поддржи борбата против насилството врз жените и девојчињата со организирање на трибина и информативен материјал, со што ќе го одбележи Меѓународниот ден за борба против насилство врз жените.

**Мерка 3 – Подигање на свеста за женското и машкото здравје**

3.3.1 Активности кои треба да се преземат за постигнување на мерката, односно чекори кои ќе се преземат за реализација на активноста:

- Одбележување на месецот на женското и машкото здравје со едукативни предавања

Во Општина Македонски Брод, има отсуство на видливи локални кампањи за подигање на јавната свест за женското и машкото здравје, за рана детекција, но и превенција на карциномот на дојката и простатата. За таа цел Општина Македонски Брод во соработка со ПЗУ Спаско Ѓурчиноски , ќе го одбележи октомври – месецот на женското здравје и ноември – месецот на машкото здравје со одржување на јавни трибини.

3.3.2 – Одбележување на денот на светското здравје – 7-ми Април

Буџетска програма**: РОДОВА ЕДНАКВОСТ**

| **Мерка** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати** | **/индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.Воведување во пракса инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во работењето на ЕЛС** | - Акционен план за еднакви можности на жените и мажите 2026 – 2029 година | Јануари – јуни 2025 | - Еднаква застапеност на обата пола во подготовката на Акциониот план<br><br>-унапредени капацитетите на РОБ<br><br>-потребите на мажите и жените се вклучени воо прцесите на креирање политики, програми и буџети | - човечките ресурси<br>- хартија, ИТ –уреди<br>- бр. на вклучени институции<br>- бр. на анкетирани<br>- број на вклучени жени и мажи, девојчиња и момчиња<br>- подготвен Акционен план | - Координаторот и заменик координаторот за еднакви можности на жените и мажите<br>- Комисијата за ЕМ<br>-локални институции<br>- НВО сектор | 20 000 |
| **2.Подигање на свеста за препознавање, пријавување насилство врз жени и девојчиња** | Организирање трибина на тема Крени глас! Не трпи сама во тишината. | Декември – јануари | Нулта толеранција за насилство | -финансиски средства<br>-бр. на вклучени жени и мажи во организацијата<br>- бр. на учесници по пол<br>- бр. на пријавени случаи на насилство врз жени | - Координатор и заменик на координатор<br>- КЕМ<br>- Советник за јавни работи<br>- образовни и културни институции, ЈУМЦСР, ОВР | Средствата ќе се искористат од Буџетската програма Х – родова еднаквост врз основа на потпишан |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | договор за ангажман |
| **Мерка** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати** | **ндикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** |
| **3. Подигање на свеста за женското и машкото здравје** | Одбележување на месецот на женското и машкото здравје со едукативни предавања<br><br>Одбележување на денот на светското здравје 7-ми Април | Октомври<br>Ноември<br><br>Април | Зголемен опфат на жени и мажи со превентивни прегледи за рано откривање на карциномот на дојката и простатата, како и други малигни заболувања.<br><br>Одбележан ден на здравјето | Просторија<br>-човечки ресурси<br>- финансиски средства<br>- број на присутни Мажи/жени<br><br>Број на флаери<br>Учество на мажи и жени – број<br>Потрошени с-ва | - Координатор и заменик на координатор<br>- КЕМ<br>- Советник за јавни работи<br>ПЗУ Спаско Ѓурчиноски<br><br>- Координатор и заменик на координатор<br>- КЕМ<br>- Советник за јавни работи<br>ПЗУ Спаско Ѓурчиноски<br>НВО | **40 000** |
| ВКУПНО | | | | | | 100 000 |

За реализација на целите на Програмата, Општина Македонски Брод ќе ги превземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање техничките и човечките ресурси. Ќе соработува со сите чинители (организации, институции и поединци) и засегнати страни за унапредување на родовата рамноправност на локално ниво, вклучително граѓанските организации кои и ќе бидат еден од главните партнери во реализацијата на активностите.

**IV. МОЖНИ РИЗИЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА:**

- Немање соработка со засегнатите чинители
- Немање финансии во буџетот

**V. ФИНАНСИРАЊЕ**

Финансирањето на активностите ќе се реализира со средства од Буџетот на Општина Македонски Брод.

**VI. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА**

**Извршувањето на Програмата ќе го следат координаторот и заменик координаторот на ЕМЖМ во Општина Македонски Брод .**

До Советот на општината, Градоначалникот и Секторот за еднакви можности при Министерството за демографија и социјална политика, од страна на координаторот за еднакви можности на жените и мажите ќе биде доставен годишен извештај за имплементација на активностите и реализацијата на целите.

Програмата стапува на сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“, а ќе се применува од 01.01.2026 година.

**Бр. 18 – 924/17**
**24.11.2025 година**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Милена Србиноска Богатиноска, с.р.**